## Милошоски во официјална посета на Косово

Македонскиот министер за надворешни работи Антонио Милошоски денеска заминува на еднодневна официјална посета Косово . Во рамките на посетата, која е прва на ниво на министри за надворешни работи по признавањето на Косово од Македонија во октомври 2008 година, Милошоски ќе се сретне со шефот на косовското МНР Скендер Хисени,а ќе биде примен и од претседателот на Косово Фатмир Сејдиу и од претседателот на косовскиот Парламент Јакуп Красниќи.

Посетата на Приштина Милошоски ќе ја искористи и официјално да ја отвори македонската амбасада, во која веќе работи амбасадорот Стојан Карајанов.

## Нема венчавки за викенд во Куманово

Матичното одделение во Куманово три месеци не работи за викендите, и се венчава само во работните денови. Новото работно време е воведено од почетокот на годината, кога Матичното преминало во рамките на Министерството за правда, и со тоа на матичарите им се укинал надоместот за прекувремената работа, а добиле право сами да одлучат кога ќе ја закажат венчавката на идните сопружници.

Кумановци реагираат оти се принудени да ги одвојат чинот на венчавка и свадбената веселба, и со тоа да се изложуваат на двојни трошоци. Општината чека одговор од Министерството за правда на барањето на кумановци Матичната служба повторно да почне да работи и за време на викендите. *(С.Н.)*

ВЕСТ ОТКРИВА НОВИ ДОКУМЕНТИ ЗА СПОМЕНИЦИТЕ НА СКОПСКИОТ ПЛОШТАД

# 650 илјади е



Скулпторката Валентина Стевановска потпишала договор за хонорар со Општина Центар од околу 650 илјади евра за фонтаната и за споменикот на Александар Македонски, предвидени за на плоштадот Македонија. Од таа сума, според договорот, се исплаќаат и надоместоци за учесниците во изработката на идејниот проект по фази, како и за лицата ангажирани за изработка на скулптурите и релјефите.

"Вест" дојде до два договори со доверлив карактер кој како таков, пишува дека ќе се чува од потписниците. Договорите се третирани како деловна тајна, и нивната содржина не смеела да се открива пред никого. Од вториот договор се гледа дека четири и пол милиони евра чини леењето на комплексот споменици и релјефи предвидени околу фонтаната, заедно со коњаничката скулптура на Александар. Според договорот на Општина Центар со леарницата "Фернандо Маринели" од Фиренца, склучен на 10 октомври 2008 година, рокот за испорака на сите елементи од овој споменик е 24 месеци. Тоа значи дека комплексот - фонтана и Александар Македонски на Плоштадот треба да е завршен до октомври годинава. Ако изработувачот не успее во пред-

## Додовски: Владата се подготвува за предвремени избори

Лидерот на ВМРО-НП Марјан Додовски вчера во Охрид изјави дека владината коалиција се подготвува за предвремени изброи. Додовски вели дека, според нивните информации, а и сите чекори на Владата покажуваат дека парламентарното мнозинство се подготвува за избори.

"Од многуте примери ќе одвјам само еден. Има најави дека кон крајот на мај ќе се преземе голема акција за издавање на 20 илјади лични карти за учениците од средните училишта, кои се потенцијлани гласачи. Ова покажува дека ќе имаме предвремени избори", објасни Додовски.

Според него, сценариото на владината коалиција е ДУИ да ја напушти власта, а премиерот Никола Груевски веднаш потоа да распише избори.

## Прилепчанец злоупотребувал 14-годишно девојче

Џулијано. М (26) од Прилеп е осомничен дека извршил полов напад врз девојче на неполни 14 години.

Случајот го пријавила мајката на девојчето, алармирајќи ја полицијата дека на 11 март девојчето излегло рано утрото, и два дена не се вратило дома. Подоцна тое е пронајдено во домот на бабата на осомничениот во Прилеп

Џулијано од поодамна ѝ бил познат на прилепската полиција како сторител на слични кривични дела, за што бил и осудуван.

*(В.То.)*

# вра хонорари за Александар

**■ Од таа сума се исплаќаат авторски хонорар за Стевановска и надоместоци за учесниците во изработката на идејниот проект по фази, како и за лицата ангажирани за изработка на скулптурите и на релјефите**




*Скулпторката Валентина Стевановска за сумата од речиси 650 илјади евра се обврзала да изработи идеен проект за изградба на монументална целина на фонтана со коњаничка скулптура*

виденото време да ја изврши нарачката, предвидена е казна од 1 промил дневно, но најмногу 5 проценти од вредноста на договорот. Во договорот има клаузула која вели дека рокот на изработка може да се одложи ако нарачателот задоцни со изработка на моделите.

Стевановска за сумата од речиси 650 илјади евра се обврзала да изработи идден проект за изградба на монументална целина на фонтана со коњаничка скулптура, висока 3 метри, скулптури на осум војници, исто така, високи речиси 3 метри, скулптури на 2 лава со по 2 метра височина. Тие се во придружните елементи на монументалната целина, а како придружни елементи се сметаат и релјефите од фонтаната кои се изработуваат во мермер со површина од 15 квадратни метри, како и релјефи подготвени за леење во бронза со површина од 120 квадрат-

## Во огласот споменикот на Плоштад нема име

Општина Центар тајно го распишала огласот за леење на споменикот на Александар Македонски. Огласот за избор на леарница во која ќе се прави споменикот на Александар, јавнат на Букефал, Општината го распишала на 17 јуни 2008 година. Но во огласот не е наведено точно за кој споменик станува збор. Во описот во огласот стои само "леење на скулптури и релјефи во бронза", но не и името не воинот. Истиот ден Општина Центар распишала уште четири огласи за леење споменици. Во нив, за разлика од огласот за споменикот на Александар Македонски, јасно стои чии споменици ќе се леат. Во првиот оглас е наведено дека ќе се леат коњанички скулптури на Гоце Делчев и на Даме Груев, во вториот коњаничка скулптура на Никола Карев, а во останатите два пишува дека се бара леарница за споменици на Цар Самуил и Методија Андонов - Ченто. По две недели, односно на 2 јули објавени се огласи за барање леарница и за двата пара лавови што треба да бидат поставени на мостот Гоце Делчев. И во овие огласи јасно стои каков споменик ќе се лее.

**(А. А.)**

продолжува на стр. 4

## ВРЕМЕ

| Денес | | Утре | | Задутре | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | -3 | 12 | 0 | 8 | -3 |
| ден | ноќ | ден | ноќ | ден | ноќ |

Интернет




воздушен притисок 982

релативна влажност 44%

Денеска е 74-от ден | Должина на денот 11:53

METEO-дата — Хидро метеоролошки




**Вчерашни температури во Европа**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Осло | 0 | Виена | 7 |
| Лондон | 12 | Белград | 7 |
| Даблин | / | Загреб | 10 |
| Брисел | 7 | Софија | 4 |
| Париз | 7 | Рим | 13 |
| Мадрид | 11 | Солун | 11 |
| Лисабон | 15 | Атина | 12 |
| Берлин | 7 | Москва | 0 |

**КУРСНА ЛИСТА — НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ФОРМИРАНА НА ДЕН 12.03.2010

КУРСЕВИТЕ ВАЖАТ ОД 15.3.2010 ГОДИНА, ОД 00,00 ЧАСОТ ПА НАТАМУ

КУРСЕВИ ВО ДЕНАРИ (МКД)

| ЗЕМЈА | ШИФРА | ВАЛУТА | Единици валута | Среден курс во денари |
|---|---|---|---|---|
| АВСТРАЛИЈА | 36 | AUD | 1 | 41.0948 |
| КАНАДА | 124 | CAD | 1 | 43.9629 |
| ДАНСКА | 208 | DKK | 1 | 8.2789 |
| ЈАПОНИЈА | 392 | JPY | 100 | 49.4543 |
| НОРВЕШКА | 578 | NOK | 1 | 7.669 |
| ШВЕДСКА | 752 | SEK | 1 | 6.3323 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 756 | CHF | 1 | 42.204 |
| В. БРИТАНИЈА | 826 | GBP | 1 | 67.8247 |
| САД | 840 | USD | 1 | 44.755 |
| ЕМУ | 978 | EUR | 1 | 61.6052 |

| ПРИВАТНИ МЕНУВАЧНИЦИ | | куповен | продажен |
|---|---|---|---|
| | Евро | 61,40 | 61,60 |
| | Американски долар | 44,60 | 45,40 |
| | Швајцарски франк | 41,70 | 42,20 |


Првиот број на "Вест" излезе на 5 јули 2000 година

Издава: ДНИД "Огледало" ДОО Скопје; Ул. 11 Октомври бр.32; п. фах: 45,1001 Скопје; Телефон: 02/ 3236 700 (централа), факс: 02/ 3236 710; E-mail: vest@vest.com.mk

РЕДАКЦИЈА ВЕСТ

Главен и одговорен уредник:
Горан МИХАЈЛОВСКИ

Помошници на главниот уредник:
Снежана М. ВАНКОВА
Марина КОСТОВА

УРЕДНИЦИ:
Борис ГРДАНОСКИ - Фотографија
Марија ЗАФИРОВСКА - Култура
Тони ЗОГРАФСКИ - Спорт
Маја И. ПАЧЕМСКА - Скопје
Лејла САБИТ - Живот
Анита САЛТИРОВСКА - Економија
Бети Т. ТИМИОВСКА - Црна хроника
Горан ТРПЕНОСКИ - Политика
ДИЗАЈН: В. БАЧВАРОВСКИ, М. СПАСОВСКИ
ЛЕКТОР: М. БРАЖАНСКА

Месечна претплата: 390 денари
Сметка во Комерцијална банка АД Скопје: 300000000048051, ЕДБ: 4030000383148
Печати: "Графички Центар" - Скопје

МЕНАЏМЕНТ

ДИРЕКТОРИ
Д-р Срѓан КЕРИМ
Горан ГАВРИЛОВ
Дончо МИРЧЕВ

Друштво за услуги
Медиа Принт Македонија ДОО - Скопје
Ул. Скупи 66 - 1000 Скопје
ДБ 4030003492231
Денарска сметка: 300000001826643
Депонент КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ
Девизна сметка: 257300-0006-0157700
Депонент ЕУРОСТАНДАРД БАНКА
Маркетинг:
тел: 02/ 3089-242; факс:02/ 3089-254
E-mail: marketing@vest.com.mk
Мали огласи и тажни помени
тел: 3236-730; 3236-830; 3236-930
Претплата: Тел: 02/3089-306, Факс: 02/3089-301
e-mail: pretplata@mpm.com.mk
24 часа тел: 3089-252
Дистрибуција:
ул. Скупи 66
тел: 02/ 3089-300; факс:02/ 3089-301
E-mail: contact@vest.com.mk

АПМ

Дневниот весник ВЕСТ е член на Асоцијацијата на печатени медиуми на Македонија


продолжува од стр. 3

ни метри.

Во интервјуто за "Вест", дадено минатата година, Стевановска ни рече дека оваа споменична целина во ширина ќе биде колкаво што е кружното место со зеленило на Плоштадот. Таа објасни дека по скали во кружна форма ќе се стигнува на плато во кружна форма, дека таму ќе има 4 бронзени лава на четирите страни на шеталиштето, а други четири лава има на палтото под фонтаната на Плоштадот. Луѓето ќе можат да доаѓаат до ѕидот од каде што почнува мермерната фонтана, исполнета со вода. "Во средината на фонтаната се издига мермерен столб, висок приближно колку коњаникот, и тие пропорционално си одговараат. Во подножјето столбот ќе биде поширок, и таму во бронза ќе биде изработена круната на Филип со дабови листови. Тоа плато од почетокот на столбот ќе служи како постамент на војниците на Александар. Ќе има 8 бронзени војници, високи по 3 метри, кои ќе бидат претставени во различни пози. Тоа се поточно 7 војници, а еден е кралот Филип Втори", ни изјави на почетокот на работата Стевановска.

**(Г.Т.)**

**■ Според договорот на Општина Центар со леарницата "Фернандо Маринели" од Фиренца, склучен на 10 октомври 2008 година, рокот за испорака на сите елементи од овој споменик е 24 месеци, ако се доцни поради нарачателот, нема казни, ако доцни изведувачот, казната е до 5 проценти од цената на чинење**

# Александар ќе дојава со доцнење од 6 месеци



Споменикот на Александар Македонски ќе доцни најмалку половина година. Според договорот потпишан меѓу Општина Центар и леарницата од Фиренца "Фердинандо Маринели", споменикот треба да биде готов до октомври годинава. Но овој рок нема да се запази. Градоначалникот на Општина Центар Владимир Тодоровиќ пред два месеца изјави дека Александар не е излеан ни до половина и, според негова процена, тој и Букефал во Скопје ќе пристигне дури за една и пол година. Дотогаш ќе се работело на изградба на фонтаната, на која тој ќе биде поставен.

Првите споменици кои за еден месец треба да бидат поставени на плоштадот Македонија се на Гоце Делчев и на Даме Груев пред Камени мост, на цар Самуил пред кафулето "Тренд" и едниот пар лавови на мостот Гоце Делчев. Леењето на споменицитe на Гоце и на Даме чини 850.000 евра, а на двата пара лавови 2.300.000 евра.

**(А. А.)**